ИНФОРМАТОР

vitaminka.company

Бр. 40 ноември 2026

НОВИОТ ИЗГЛЕД СИ КРЦКА!



7 години ВИТАМИНКА

За почеток

Нов изглед и истиот препознатлив вкус

Стр. 7

Во фокусот

Diamond спонзор на 12. FMCG Summit Skopje

Стр. 11

Издвојуваме

3 Ноемвриска награда за Витаминка

Стр. 17

СОДРЖИНА



Стр. 5

Во чекор со европските стандарди за одржлива амбалажа



Стр. 10

Стоби Флипс ги наградува потрошувачите, автомобил и уште 704 изненадувања

Стр. 14

Од знаење до секојдневна практика - годишна обука на вработените



Стр. 17

3 Ноемвриска награда за Витаминка

Стр. 22

Тимскиот дух на Витаминка на Скопскиот маратон



Стр. 27

Витаминка со поддршка за Детската олимпијада во Skopje City Mall - Be Active

Информатор

Воведник

Со искуство зад нас и поглед напред, создадовме ново поглавје за Стоби Флипс

Во годината во која одбележуваме 70 години Витаминка, Стоби Флипс отвора ново поглавје во својата приказна. Брендот со кој порасна многу генерации добива нов изглед, задржувајќи го вкусот по кој го препознаваме. За сите нас што сме дел од Витаминка, оваа промена има посебно значење: покажува како искуството што сме го стекнале низ годините ни помага да создаваме брендови што продолжуваат да растат.

Седум децении работење носат многу промени во навиките, во начинот на купување и во очекувањата на потрошувачите. Денес, покрај квалитетот и вкусот, важни се и начинот на кој производот се претставува, јасноста на информациите и блискоста што брендот ја гради со потрошувачите. Довербата стекната низ годините нè обврзува внимателно да ги слушаме тие очекувања и да ги преточуваме во промени што имаат смисла за нашите потрошувачи.

Токму со таков пристап е создаден и новиот изглед на Стоби Флипс. Препознатливата црвена боја и елементите што го поврзуваат со неговото наследство добиваат современ израз, а карактеристиките на производот се истакнати појасно. Во пресрет на својата 50-годишнина, брендот им се доближува на новите генерации, продолжувајќи ја врската со оние за кои неговото пакување веќе буди спомени. Така го разбираме развојот, го препознаваме она што потрошувачите го ценат кај нас и врз таа основа да го градиме следниот чекор.

Зад секоја ваква промена стојат нашите луѓе. Претставувањето на редизајнот започна внатре, со кик-оф настанот за менаџерите, затоа што успешното воведување на новото пакување бара заедничко разбирање и усогласена работа. Од производството и контролата на квалитетот до маркетингот, продажбата и дистрибуцијата, придонесот на секој тим е дел од искуството што на крајот стигнува до потрошувачот.

Со наградната игра „Крцкај си награди“, ова ново поглавје го споделуваме и со потрошувачите, со благодарност за довербата и за местото што му го даваат на Стоби Флипс во своето секојдневие.
А додека новото пакување стигнува до полиците и до домовите, во Витаминка продолжуваат и многу други активности за кои читаме на страниците на овој Информатор. Нашите колеги стекнуваат нови знаења, разменуваат искуства и работат на унапредување на квалитетот и на производството. Се отвораат и нови можности што ги носат технологијата и современите пристапи кон амбалажата и одржливоста. Продолжува и нашата поврзаност со заедницата, преку образованието, спортот, културата и поддршката таму каде што е потребна.

Сето тоа е дел од животот на една компанија која и по 70 години има што да научи, што да создаде и што да сподели. Стоби Флипс како највреден дел од овој мозаик на вкусови е дел од таа приказна, а неговиот развој нè потсетува колку е важно да го чуваме она по што нè познаваат и истовремено да имаме слух за времето во кое живееме.

Ви благодариме што со својата работа и посветеност секојдневно придонесувате Витаминка да продолжи да расте, заедно со своите брендови и со генерациите што ни ја даваат својата доверба.

Фокус

Олга Ристеска QA координатор

Од сертификат до култура: како компаниите навистина стануваат одржливи

Во денешниот деловен свет, зборот „одржливост“ сè почесто се слуша. Компаниите објавуваат ESG извештаи, воведуваат нови стандарди, добиваат сертификати и поставуваат амбициозни цели. Но, вистинското прашање не е само „Кои сертификати ги имаме?“

Вистинското прашање е „Каква култура градиме зад тие сертификати?“

Сертификатот е важен. Тој покажува дека компанијата ги исполнува дефинираните барања, дека има воспоставени процеси, процедури и контроли. Тој е потврда за посветеноста кон квалитетот, безбедноста на храната, животната средина, вработените и партнерите.

Но, сертификатот сам по себе не ја прави една компанија одржлива.

Вистинската промена започнува тогаш кога стандардите престануваат да бидат само документи во системот и стануваат дел од секојдневното однесување на луѓето. Одржлива компанија е онаа во која операторот во производство знае зошто е важно правилно да се одвои отпадот. Во која вработениот при прием на суровина размислува за следливост и одговорност. Во која секој член на тимот разбира дека квалитетот не е само задача на одделот за квалитет, туку заедничка вредност. Токму тука се прави разликата меѓу компанија која има стандарди и компанија која живее според нив.

Патот од сертификат до култура бара време, посветеност и постојано подобрување. Бара лидерите да бидат пример, а вработените да бидат вклучени. Бара отворена комуникација, учење од грешките и храброст постојано да се прашуваме: „Можеме ли ова да го направиме подобро?“

Во последните години, Витаминка чекори токму по овој пат – од усогласување со меѓународни стандарди кон градење систем во кој квалитетот, безбедноста, одговорноста и одржливоста се дел од начинот на кој работиме.

Воведувањето на нови стандарди, сертификации и практики не е само административна обврска. Тоа е инвестиција во довербата на нашите потрошувачи, партнери и заедницата во која работиме.

Одржливоста не се создава со еден проект, еден извештај или еден сертификат. Таа се гради секој ден – преку илјадници мали одлуки донесени од луѓето во компанијата.

Затоа, најголемото достигнување не е само кога ќе добиеме нов сертификат. Најголемото достигнување е кога ќе создадеме култура во која сертификатот повеќе не е цел, туку природен резултат на начинот на кој размислуваме и работиме.

Фокус

Претставници на Витаминка на меѓународниот конгрес FoodTech 2026 во Нови Сад

Директорката за контрола на квалитет Натали Петреска и QA координатор Олга Ристеска ја претставуваа Витаминка на FoodTech 2026, шестиот меѓународен конгрес за технологија, квалитет и безбедност на храната. Конгресот се одржува од 27 до 29 октомври во Нови Сад, Србија, под мотото „Reshaping the Future of Food – Two Decades of Science“.

Настанот ги обедини меѓународните експерти, научниците и професионалците од прехранбената индустрија, кои разменуваа знаења и искуства за современите предизвици во секторот. Во фокусот беа новите технологии, квалитетот и безбедноста на храната, одржливите прехранбени системи и дигитализацијата на контролата на храната.

За Витаминка, учеството беше и можност за продлабочување на успешната соработка со Институтот за прехранбени технологии (FINS) во Нови Сад. Оваа соработка е особено значајна за развојот на лабораториските капацитети и унапредувањето на методите за сензорна анализа на прехранбените производи.

Следењето на најновите научни достигнувања и размената на стручни искуства отвораат можности за нивна практична примена во секојдневната работа. Стекнатите сознанија можат да придонесат за натамошно унапредување на лабораториските методи, производствените процеси и системите за квалитет и безбедност на храната во Витаминка.



Фокус

Во чекор со европските стандарди за одржлива амбалажа

Нашата компанија продолжува да ги следи европските стандарди и современите практики во прехранбената индустрија. Во таа насока, колеги од секторите Развој, Набавка и Контрола на квалитет учествуваа на меѓународниот PPWR Factory Execution Forum 2026, одржан на 21 и 22 октомври во Дизелдорф, Германија, во организација на TBM Group.

Форумот беше посветен на новата европска Регулатива за амбалажа и отпад од амбалажа (PPWR), која воведува барања за рециклирање, намалување на отпадот и користење поодржливи материјали. За прехранбената индустрија, овие промени носат предизвици во изборот на амбалажа што истовремено ќе ги исполнува еколошките стандарди и ќе ги зачува безбедноста и квалитетот на производите.

Преку размената на искуства и запознавањето со практични решенија, нашите колеги стекнаа корисни сознанија за претстојните промени. Овие знаења ќе придонесат за навремена подготовка и развој на решенија за пакување што ќе одговорат на новите барања, без компромис во квалитетот на производите на Витаминка.



Фокус

Одржливоста како инвестиција во иднината



Одржливоста сè повеќе станува важен дел од начинот на кој компаниите растат, градат доверба и се подготвуваат за меѓународните пазари. Токму ова беше во фокусот на Националниот бизнис форум „Turning Sustainability into Competitiveness: Building Resilient Businesses in an Uncertain World", на кој учествуваше и Витаминка.



Во рамки на работилницата „Sustainable Supply Chains and Export Readiness", компанијата го сподели своето искуство со воведувањето на ESG принципите и подготовката на првиот ESG извештај. За Витаминка, ESG значи повеќе од известување – подобро управување, поголема транспарентност и континуирано унапредување низ целиот синџир на вредност.

Учеството беше можност нашето искуство да стане дел од пошироката дискусија за градење поодржливо и поконкурентно македонско стопанство.

Нов изглед

Нов изглед и истиот препознатлив вкус

По речиси 50 години препознатлив изглед, Стоби Флипс, најпознатиот и најпродаваниот производ на Витаминка, добива редизајнирано пакување, освежено во духот на современото време. Промената го задржува она што со децении е дел од неговата препознатливост, а оригиналниот вкус што го познаваат генерации потрошувачи, останува непроменет.

Во основата на редизајнот е идејата да се зачуваат корените и наследството на Стоби Флипс, а тие истовремено да добијат современ израз. Минатото и иднината се надоврзуваат едно на друго, она што со децении го прави производот препознатлив останува цврста основа, додека новиот изглед внесува свежина и го доближува Стоби Флипс до новите генерации.

Од оваа идеја произлегуваат и промените во дизајнот. Задржани се препознатливите елементи, меѓу кои и црвената боја, но тие се претставени на посвеж и посовремен начин. Освежено е и логото, а поголем акцент е ставен на главните карактеристики на производот – печени кикиритки, сончогледово масло и подготовка без пржење.

Врската со минатото му дава дополнително значење на новиот изглед. Стоби Флипс е дел од спомените и секојдневието на повеќе генерации, а редизајнот има цел да го зачува тоа чувство на блискост, без производот да остане визуелно врзан за едно време. Препознатливото крцкање и вкусот што многумина го поврзуваат со детството остануваат исти, додека изгледот се освежува во согласност со денешните трендови.

Промената ќе биде проследена со кампањата „Новиот изглед си крцка!“, која на едноставен начин ја пренесува суштината на редизајнот, нов изглед, истиот добро познат вкус.

Редизајнираното пакување постепено ќе биде достапно во продажната мрежа низ земјата.



Нов изглед

На kick-off настан дефинирано новото поглавје за Стоби Флипс



Стоби Флипс добива нов изглед, а неговото претставување започна од тимот на Витаминка. На интерен kick-off настан, менаџерите се запознаа со редизајнот на еден од најпрепознатливите брендови на компанијата, со комуникацискиот концепт и со планот за воведување на новото пакување на пазарот.

Во пресрет на својата 50-годишнина, Стоби Флипс отвора ново поглавје со современ визуелен идентитет што го задржува неговиот препознатлив карактер. Карактеристичната црвена боја и добро познатиот знак добиваат освежен израз, дополнет со мат финиш, нови фотографии на производот и појасна визуелна комуникација. Промените ја следат идејата „Иста легенда. Нова самодоверба.“ и ја продолжуваат врската што брендот со децении ја гради со различни генерации потрошувачи.

На настанот беа претставени и приоритетите за успешно лансирање: координирана дистрибуција, силна видливост во продажните објекти и доследна реализација на планираните активности. Присутните имаа можност да се запознаат со новиот редизајн, како и со деталите околу дизајн филозофијата и комуникациската стратегија за лансирањето на новиот изглед.

Посебен акцент беше ставен на заедничкиот придонес на тимовите, чија соработка е клучна за новиот изглед на Стоби Флипс да стигне до потрошувачите и да го означи почетокот на следната фаза во развојот на брендот.

Kick-off настанот претставуваше можност за заедничко означување на почетокот на ова ново поглавје за Стоби Флипс, во пресрет на значајниот јубилеј на брендот и активностите што следуваат.

Освеженият Стоби Флипс веќе се најде на полиците насекаде и ги воодушевува потрошувачите од сите генерации.






ЗАЕДНО ПОСТАВУВАМЕ
НОВ СТАНДАРД







Стоби Флипс ги наградува потрошувачите, автомобил и уште 704 изненадувања

Витаминка со Стоби Флипс и Чоко Стоби ја започнува наградната игра „Крцкај си награди“, која од 28 октомври до 13 декември 2026 година на потрошувачите им носи можност да освојат една од вкупно 705 награди. Главната награда е автомобил Geely Starray EM-i, а наградниот фонд вклучува и електрични велосипеди, iPhone 17 Pro телефони, гејминг-конзоли, таблети и многу други подароци.

За учество, потребно е потрошувачите да купат најмалку едно пакување Стоби Флипс и едно пакување Чоко Стоби, евидентирани на иста фискална сметка. Во наградната игра учествуваат сите грамажи на Стоби Флипс и сите вкусови и грамажи на Чоко Стоби достапни на македонскиот пазар. Наградната игра е наменета за нашите потрошувачи, а за да се зачува довербата во непристрасноста на извлекувањата, вработените во Витаминка се изземени од учество.

Во рамките на „Крцкај си награди“ ќе се одржат седум неделни извлекувања, со по 100 награди. Првото извлекување е закажано за 2 ноември, а следните ќе се одржуваат секој понеделник, заклучно со 14 декември. Добитниците се очекува да бидат објавувани во среда, по завршувањето на потребните административни процедури.

Учесниците ќе имаат можност да освојат 10 телефони iPhone 17 Pro, 10 конзоли PlayStation 5, 10 таблети, 10 Marshall звучници и 10 JBL безжични слушалки. Дополнително, ќе бидат доделени 200 детски играчки од различни видови, меѓу кои и LEGO, 200 годишни ваучери Gley Premium 360 и 250 пакети производи од Витаминка со брендиран подарок – ранец со производи и капа.

Пријавувањето е едноставно: кодот, датумот и часот на купување од фискалната сметка се регистрираат преку веб-страницата www.krckajsinagradi.mk или со СМС-порака на бројот 142241. Цената на една СМС-порака е 5,9 денари со вклучен ДДВ. Регистрацијата е отворена до 13 декември 2026 година, а со регистрирањето учесниците стекнуваат право на учество во извлекувањата согласно правилата на наградната игра.

На 30 ноември, покрај неделните награди ќе бидат извлечени и добитниците на четири електрични велосипеди. Големото финале е на 15 декември 2026 година, кога ќе биде извлечен добитникот на главната награда, автомобилот Geely Starray EM-i.

Со наградната игра „Крцкај си награди“, Витаминка им се заблагодарува на потрошувачите за долгогодишната доверба во Стоби Флипс, бренд што со децении е дел од секојдневието и спомените на повеќе генерации, поврзувајќи ги преку препознатливиот вкус и заедничките моменти на уживање.

Повеќе информации за начинот на учество, правилата и наградите се достапни на www.krckajsinagradi.mk.



Извлечени првите среќни добитници



Наградната игра „Крцкај си награди“ досега имаше две извлекувања и ги доби првите среќни добитници. На двете извлекувања беа доделени JBL блутут слушалки, Marshal звучници, телефони iPhone 17Pro, таблети Galaxi Tab A11, конзоли PlayStation 5 како и детски играчки од различни видови, меѓу кои и LEGO, годишни ваучери Gley Premium и пакети производи од Витаминка со брендиран подарок – ранец со производи и капа.

Дел од среќните добитници, кои ги има од целата држава дојдоа по своите награди.

Им честитаме на наградените а на останатите им посакуваме многу среќа во следните извлекувања.

„Светот на вкусови“ на Global Food Expo во Варшава



Витаминка учествуваше на меѓународниот саем за прехранбена индустрија Global Food Expo во Варшава, Полска, каде што претстави дел од своето портфолио на слатки и солени производи. Со овој настап, компанијата ја продолжува својата посветеност на меѓународната промоција на македонските производи и на развојот на извозните можности.

Во рамките на саемското претставување беа изложени производи од препознатливите брендови Стоби Флипс, Атлантис, Фрути, Фит Ин, Бонитас и Риско, како и други производи од асортиманот на Витаминка. Разновидноста на понудата го долови „Светот на вкусови“ на компанијата, обединувајќи ги добро познатите производи со поновите вкусови и производни линии.

Учеството на Global Food Expo беше можност за непосредно претставување на портфолиото пред меѓународна деловна публика и за разгледување на потенцијалите за нови соработки. Ваквите саемски настапи имаат значајна улога и во следењето на пазарните трендови и потребите на потрошувачите, како основа за натамошен развој на понудата.

Меѓународната промоција е дел од долгорочната определба на Витаминка за раст и зајакнување на присуството на странските пазари. Преку континуирано вложување во квалитетот, развојот на производите и деловните партнерства, компанијата гради нови можности македонските вкусови да стигнат до поширок круг потрошувачи.

Витаминка ја отвори својата прва продавница во Прилеп - „Свет на вкусови“ на едно место





Витаминка ја отвори својата прва продавница во центарот на Прилеп, со што прави нов чекор во развојот на своето малопродажно присуство и во унапредувањето на непосредната поврзаност со потрошувачите. Во продажниот простор на булевар „Гоце Делчев“ бр. 28 е достапно целокупното портфолио на производи на компанијата.

Отворањето на продавницата во градот во кој компанијата ја започна и ја развива својата приказна има посебно значење. Прилеп добива ново продажно место што го носи препознатливиот идентитет на Витаминка, а компанијата создава дополнителен канал преку којшто својата понуда ја доближува до купувачите и стекнува непосреден увид во нивните потреби и навики.

Во продавницата „Vitaminka Store“ застапени се производи што се дел од секојдневието на повеќе генерации потрошувачи. Продажниот простор е можност за претставување на разновидноста на асортиманот, за откривање нови вкусови и за зајакнување на довербата што компанијата ја гради со децении.

Овој чекор доаѓа во годината во која Витаминка одбележува 70 години постоење и ја потврдува нејзината определба долгогодишното производствено искуство да го надградува со нови можности за развој. Сопственото продажно место ја поврзува традицијата на компанијата со современите очекувања на потрошувачите за достапност, избор и непосредно искуство со брендот.

Продавницата е отворена од понеделник до петок, од 08:00 до 20:00 часот, и во сабота, од 08:00 до 16:00 часот.



Настани

Diamond спонзор на 12. FMCG Summit Skopje



Витаминка беше Diamond спонзор на 12. издание на FMCG Summit Skopje, еден од најзначајните деловни настани за индустријата на стоки за широка потрошувачка во земјата. Самитот, во организација на InStore Македонија, се одржа на 29 октомври во хотелот „Александар Палас“ во Скопје, обединувајќи претставници на производствени и трговски компании, дистрибутери, маркетинг и продажни професионалци, како и домашни и меѓународни експерти.

Годинашното издание беше посветено на промените што ја обликуваат FMCG индустријата, со акцент на новите потрошувачки навики, развојот на брендовите, пазарниот раст, комерцијалната ефикасност и примената на вештачката интелигенција во деловното работење. Програмата опфати предавања на реномирани експерти, меѓу кои Борис Планер, Реј Гаул и проф. д-р Андреј Визјак, како и панел-дискусија за иновациите, развојот на производните категории и предизвиците што ги носи конкуренцијата на пазарот.

Со поддршката на FMCG Summit,ја потврди својата активна улога во домашната прехранбена индустрија и интересот за иницијативи што овозможуваат размена на знаења, искуства и современи деловни практики. Како компанија со 70-годишна традиција, широко портфолио на брендови и присуство на домашниот и странските пазари, Витаминка ја препознава важноста на ваквите професионални собири за следење на индустриските трендови, унапредување на деловните процеси и развој на секторот во целина.





Настани

Витаминка на јубилејната конференција на Македонска берза





Јубилејната 25. Годишна конференција на Македонска берза, која од 21 до 23 септември се одржа во Охрид, собра над 270 претставници на финансискиот и деловниот сектор, регулаторните тела, институциите, инвеститорите и академската заедница. Меѓу учесниците беше и Бранимир Димков, ИТ менаџер во Витаминка.

Во фокусот на годинашната програма беа развојот на пазарот на капитал, можностите за финансирање на корпоративниот раст и алтернативните извори на финансирање, но и теми што сè повеќе го менуваат современото деловно окружување – дигиталните средства, токенизацијата и примената на вештачката интелигенција на финансиските пазари. Во програмата учествуваа 27 говорници и панелисти од шест земји, преку презентации, панели и разговори посветени на актуелните трендови и идните насоки во финансискиот сектор.

Присуството на конференцијата беше можност одблизу да се проследат промените што технологијата и новите модели на финансирање ги носат во деловниот свет, но и да се разменат искуства со претставници на компании, финансиски институции и експерти од земјата и регионот. За Витаминка, следењето на ваквите теми е значајно во контекст на поширокиот процеси на дигитализација и развој на современи деловни практики.

Настани

Во чекор со развојот на вештачката интелигенција



AI Tech Summit 2026 во Белград собра професионалци, технолошки лидери, иноватори и претставници на глобални компании, со фокус на преминот на вештачката интелигенција од експериментална технологија кон конкретна примена во различни индустрии и деловни процеси.

Витаминка на самитот ја претставуваа Бранимир Димков, ИТ менаџер, Јане Мачески, ИТ/ERP администратор. Во

рамки на дводневната програма тие имаа можност да проследат предавања и дискусии со експерти и претставници на компании како Microsoft, NVIDIA, OpenAI, Google, Accenture, Siemens, Intel и AWS.
Темите беа насочени кон практичната примена на AI, актуелните технолошки решенија и промените што тие ги носат во современото работење. Учеството на самитот беше можност одблиску да се следат насоките во кои се развива технологијата, да се разменат искуства и да се согледаат нови можности за примена на дигиталните алатки и вештачката интелигенција во деловните процеси.



Настани

Витаминка партнер на AI Tech Summit 2026

Вештачката интелигенција и новите технологии сè повеќе го менуваат начинот на кој компаниите работат, комуницираат и се развиваат. Токму овие теми беа во фокусот на AI Tech Summit 2026 во Скопје, на кој Витаминка се вклучи како food & beverage партнер.

За време на самитот, Fit!n беше дел од паузите и вмрежувањето меѓу панелите, обезбедувајќи вкусна енергија за учесниците и посетителите во текот на програмата.

Настанот беше можност на едно место да се сретнат технологијата, знаењето и бизнисот, преку дискусии за примената на вештачката интелигенција, новите технолошки решенија и нивното влијание врз современото деловно работење.

Со поддршката на AI Tech Summit 2026, Витаминка беше дел од настан кој отвора важни теми за иднината на бизнисот и создава простор за размена на идеи, нови знаења и професионално поврзување.







Едукација и развој

Од знаење до секојдневна практика

Како дел од континуираната едукација и професионален развој, Витаминка ја реализираше годишната обука за вработените, со цел подобро запознавање и разбирање на стандардите и принципите што компанијата ги применува во своето работење.

Во фокусот на обуката беа IFS Food, ISO 9001, ISO 14001, ISO 45001, ISO 50001, Halal, RSPO, Rainforest Alliance, Vegan и ESG, како и нивното практично значење во секојдневните работни процеси. Вработените имаа можност да се потсетат дека зад секој стандард стојат конкретни принципи – безбедност, квалитет, грижа, одговорност, одржливост и транспарентност.

Целта е овие стандарди да не се препознаваат само како сертификати и процедури, туку како заедничка култура на работење, во која секој вработен со своите постапки придонесува за квалитетот, безбедноста и одговорното работење на Витаминка.

Едукација и развој

Современи пристапи во управувањето со човечки ресурси

Развојот на луѓето, мотивацијата и доброто функционирање на тимовите сè повеќе се поврзуваат со целокупната деловна стратегија на компаниите. На овие теми беше посветен „Human Resources Masterclass“, еднодневна обука организирана од InStore.mk, која се одржа на 30 септември во Скопје.
Од Витаминка на обуката учествуваше Верица Исајловска, менаџер за човечки ресурси. Под водство на бизнис консултантот и обучувач Роко Водопија, учесниците работеа на теми поврзани со стратешката улога на човечките ресурси, организациските предизвици, лидерството и поврзувањето на стратегијата со конкретни резултати и мотивацијата на тимовите.
Обуката беше можност за стекнување нови знаења, но и за размена на искуства со HR професионалци од различни компании. Ваквата размена носи дополнителна перспектива за актуелните предизвици во управувањето со човечките ресурси и практики што можат да најдат примена во секојдневното работење.









Едукација и развој

Истражување за меѓународна научна конференција во организација на Економски факултет на УКИМ

Витаминка учествуваше на 7та Меѓународна научна конференција „Economic and Business Trends Shaping the Future“, која се одржа на 12 и 13 ноември 2026 година во Скопје, во организација на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.
На конференцијата тимот на Витаминка, воедно и тимот автори м-р Александар Ѓуроски, д-р Душица Неделкоска и Бранимир Димков го претставија научниот труд „Do Online Clicks Drive Real National and Export Sales? A Data-Backed Case Study in the Confectionery and Snack Industry“.
Истражувањето, при анализа на поврзаноста меѓу резултатите од дигиталното рекламирање и реалните продажни показатели на Витаминка на три пазари – Македонија, Србија и Косово, ја нагласи важноста од интегрирано анализирање на маркетинг-показателите и реалните деловни резултати, земајќи ги предвид и другите фактори што влијаат врз продажбата.
За потребите на истражувањето се користени податоци од рекламните активности на Facebook и Instagram, како и интерни продажни податоци од ERP-системот на компанијата, споредбено во периодите јануари–јуни 2026 година и истиот период во 2025 година, со резултати кои покажуваат дека поголемата дигитална активност не нужно значи и поголем раст на продажбата.



Едукација и развој

Со нови знаења и искуства кон акредитација на сопствените лаборатории

Претставници на Витаминка учествуваа на VII Меѓународна конференција „Квалитет и компетентност 2026“, одржана од 15 до 17 октомври во Охрид, во организација на Македонското здружение на лаборатории и инспекциски тела – Маклаб и Институтот за акредитација на Република Северна Македонија.

Конференцијата обедини стручни лица од лаборатории, институции и производни компании, кои споделија искуства за доверливоста на лабораториските резултати, обуката на вработените, современата опрема и дигитализацијата.

За тимот на Витаминка, учеството беше можност за стекнување практични сознанија за подготовката за акредитација на сопствените лаборатории. Вредноста на акредитацијата за производните компании се одразува во поголемата доверба во лабораториските резултати, посигурните одлуки во производството и зајакнувањето на угледот пред потрошувачите и деловните партнери.

Со развојот на лабораториските капацитети и подготовките за акредитација, Витаминка продолжува да вложува во знаење, стручност и доверлива контрола на квалитетот на своите производи.



Учеството на оваа меѓународна научна конференција претставува можност за споделување практични искуства и истражувачки сознанија од прехранбената индустрија, како и за поврзување на академското знаење со реалните деловни предизвици.

Со учеството на настани од овој тип, Витаминка ја потврдува својата посветеност на знаењето, истражувањето, користењето на дигиталните платформи во континуираното унапредување на деловните практики.



Награди

Години посветеност што заслужуваат признание

Успехот на една компанија се гради низ годините, а зад него стојат луѓето, нивното знаење, труд и посветеност. И оваа година, Витаминка традиционално им додели јубилејни награди на вработените кои одбележуваат 15 и 25 години работен стаж, како благодарност за нивната лојалност, професионалност и придонес во развојот на компанијата.

Награди и благодарници беа доделени и на колегите кои заминаа во пензија, како признание за годините поминати како дел од тимот и за нивниот придонес во заедничката приказна.

Витаминка им честита на сите наградени, со благодарност за годините посветеност и со најдобри желби за здравје и успех во иднина.





Вложуваме во заедницата

Витаминка добитник на наградата „3 Ноември“ на Општина Прилеп



Витаминка е добитник на наградата-плакета „3 Ноември“, доделена на свечената седница на Советот на Општина Прилеп по повод 82-годишнината од ослободувањето на градот. Признанието доаѓа во годината кога компанијата одбележува седум децении постоење и развој, со посебно значење за нејзината долгогодишна поврзаност со Прилеп. Во име на Витаминка, наградата ја прими Наташа Стојковска, директор на Секторот за набавка и логистика.

Од своите почетоци до денес, Витаминка расте заедно со градот, создавајќи производи што станаа дел од секојдневието на генерации потрошувачи. Со инвестициите, посветеноста на вработените и ширењето на меѓународните пазари, компанијата го носи името на Прилеп и надвор од границите на земјата.

„Оваа година е јубилејна – одбележуваме 70 години од постоењето на фабриката. Зад нас е историја на крупни чекори во работењето, реализирани инвестиции, освојување нови пазари и години без ниту една загуба во работењето. Во оваа значајна година го освежуваме и изгледот на Стоби Флипс, брендот што е носител на развојот и работењето на Витаминка. По 45 години му даваме нова облека, нов лик, но со истиот стабилен квалитет и препознатлив вкус што го има уште од првиот ден на производството“, истакна Симон Наумоски, претседател на Одборот на директори на Витаминка.

За Витаминка, признанието од сопствениот град е и признание за генерациите вработени кои го вложиле своето знаење и труд во нејзиниот развој. Тоа е дополнителен поттик компанијата да продолжи да инвестира, да создава и да придонесува за заедницата во која ги има своите корени.

Вложуваме во заедницата

Јубилејна плакета од СОС Детско село



По повод 25 години од постоењето и работата на СОС Детско село во Македонија, во Македонскиот народен театар во Скопје се одржа јубилејна свеченост на која Витаминка доби плакета за партнерството и поддршката на програмите насочени кон емоционалната благосостојба и развојот на децата и младите.

Во фокусот на одбележувањето беше пораката дека грижата за децата не завршува со обезбедувањето сигурност и основни услови за раст. Подеднакво важни се нивната емоционална благосостојба, самодовербата и поддршката што им овозможува да ги развиваат своите потенцијали. Токму за

Вложуваме во заедницата

Нов чекор за локалното здравство



За првпат во Општата болница со проширена дејност – Прилеп успешно беше изведена лапароскопска операција на ингвинална хернија со TAPP техника – современа минимално инвазивна метода која овозможува помала постоперативна болка, пократок болнички престој и побрзо закрепнување.

Воведувањето на оваа техника беше овозможено и со донација на современи лапароскопски инструменти од Витаминка, со што пациентите од Прилеп и регионот добиваат пристап до современ хируршки третман во својата локална болница.

Овој значаен чекор за прилепското здравство е уште еден пример како поддршката на заедницата може да создаде конкретни и долгорочни придобивки. За Витаминка, инвестирањето во подобри услови и поквалитетна здравствена грижа останува дел од заложбата за подобра и поздрава иднина.

придонесот во овие програми, СОС Детско село ѝ го додели јубилејното признание на Витаминка.
Плакетата претставува значајно признание за досегашната соработка, но и за вредноста на континуираната поддршка таму каде што таа има директно влијание врз животот и развојот на децата и младите. За Витаминка, партнерството со СОС Детско село останува дел од заложбата да се поддржуваат иницијативи што создаваат долгорочна и конкретна промена во заедницата.





Нашите брендови

Ново крцкаво уживање во повеќе вкусови

Јатки, карамела, сусам и многу крцкавост – Nuts About You е новата линија на Витаминка создадена за оние моменти кога ни се јаде нешто поинакво, слатко и неодоливо крцкаво. Линијата носи разновидни комбинации на внимателно одбрани јатки. Caramelised Pecan, Caramelised Hazelnut и Caramelised Almond го спојуваат богатиот вкус на пекан оревите, лешниците и бадемите со карамелизирана обвивка, додека лешникот со сусам и бадемот со сусам внесуваат дополнителна текстура и поинаква нота во новото крцкаво искуство.

Од класичниот вкус на лешник и бадем до карактеристичниот пекан, карамелата и сусамот, секоја комбинација има свој карактер и нуди нов начин за уживање во јатките.

Со Nuts About You, Витаминка го збогатува своето портфолио со современа линија производи која носи нови комбинации и вкусови, задржувајќи го квалитетот и искуството градени низ 70 години традиција.



Нашите брендови

Стоби Флипс во ново пакување, на врвот на Северна Африка

Стоби Флипс со новиот редизајниран изглед ги освојува најголемите височини и се искачи на највисокиот врв во Северна Африка, Тубкал на планината Атлас. Овој пат заедно со прилепчанецот Александар Матески чиј подвиг ни даде уште една причина да се гордееме со Прилеп.

Нов изглед, истата крцкавост и уште една приказна за раскажување.



Нашите брендови

Вкусовите на Цевитана во Ramstore

Со свежи вкусови и позитивна енергија, Цевитана беше во фокусот на промотивна акција во Ramstore. Потрошувачите имаа можност одблиску да се запознаат со производите и да уживаат во препознатливите вкусови на брендот.

Ваквите активности се можност за директна средба со потрошувачите, претставување на производите и создавање позитивно искуство на самото продажно место. На овој начин, Витаминка продолжува да ги доближува своите брендови до потрошувачите и да ја зајакнува нивната секојдневна поврзаност.







За нашите луѓе

За најмалите членови на нашето големо семејство

Првиот училишен ден е почеток на една сосема нова авантура – со нови знаења, другарства и спомени што остануваат засекогаш. Со голема радост, и оваа година Витаминка ги изненади првачињата на своите вработени и за нивниот прв чекор во училишните клупи подготви посебни подароци.

Новите ранци беа исполнети со комплетен училишен прибор, Витаминка подароци и сладок пакет со омилените вкусови – сè што е потребно почетокот на ова ново поглавје да биде уште поубав.

На сите првачиња, но и на останатите ученици, им посакуваме успешна учебна година исполнета со љубопитност, знаење, насмевки и многу нови пријателства. Ваквите моменти се дел од грижата за нашите вработени и нивните семејства, но и од радоста што ја споделуваме како едно големо семејство.



За нашите луѓе

Тимскиот дух на Витаминка на Скопскиот маратон

Рекордни 15.050 учесници од 63 земји, полни скопски улици и илјадници истрчани километри го одбележаа 22. издание на Виз Ер Скопскиот маратон. Меѓу тркачите кои годинава беа дел од најмасовното издание на маратонот досега, беа и колегите од Витаминка, кои го прифатија спортскиот предизвик и успешно ги завршија трките во кои учествуваа.

Нашите колеги беа дел од различните дисциплини во програмата, а дел од нив настапија и во штафетната трка, каде што секој член на тимот имаше своја делница и свој придонес кон заедничкиот резултат. Покрај личниот предизвик и желбата да се стигне до целта, учеството беше можност за дружење, меѓусебна поддршка и споделување едно поинакво искуство надвор од работното окружување.

Годинава тимот на Витаминка имаше уште една причина учеството да биде посебно. Во годината кога компанијата одбележува 70 години постоење, колегите трчаа во маички со јубилејното обележје, па големата годишнина доби свое место и на улиците на Скопје. Во атмосфера исполнета со публика, музика и бодрење долж патеката, тие ја претставуваа Витаминка на еден од најголемите спортски настани во земјата.

Скопскиот маратон уште еднаш покажа дека спортот знае да ги поврзе луѓето и надвор од нивното секојдневие. За колегите од Витаминка тоа беше ден на лични предизвици, заеднички километри и тимска поддршка, а успешното стигнување до целта беше најубавиот крај на едно заедничко спортско искуство.













За нашите луѓе

Второ место за женскиот тим на Витаминка на „Че трчаме 2026“



Спортскиот дух, натпреварувањето и дружењето повторно ги обединија љубителите на трчањето во Прилеп, на четвртото издание на рекреативно-натпреварувачкиот настан „Че трчаме“, одржан на 18 октомври. Витаминка и годинава беше меѓу спонзорите на оваа спортска манифестација, но и активен учесник со своја екипа вработени, кои се натпреваруваа во трките на 5 и 10 километри.

Особен успех постигна женската екипа на Витаминка, која го освои второто место во тимска конкуренција во женската категорија на 10 километри. Овој резултат беше дополнителна причина за задоволство за сите колеги кои учествуваа на настанот, претставувајќи ја компанијата не само преку спонзорската поддршка, туку и преку сопствениот спортски ангажман. Покрај натпреварувачкиот дел, „Че трчаме“ беше можност за заедничко дружење, меѓусебно бодрење и споделување на спортското искуство со бројните учесници.

Како компанија која веќе 70 години е нераскинлив дел од Прилеп, Витаминка ја препознава важноста на локалните иницијативи што го збогатуваат животот во градот и го поттикнуваат интересот за спорт и рекреација. Поддршката на „Че трчаме“ е уште еден пример за поврзаноста на компанијата со локалната заедница, додека постигнатиот резултат на женската екипа носи дополнителна вредност на годинашното учество и заслужено признание за трудот и посветеноста на нашите колешки.





Вложуваме во образованието

Нов ВИТА ХАБ за студентите на Економскиот факултет во Прилеп

Новата академска година на Економскиот факултет во Прилеп започна со отворање на ВИТА ХАБ, нов простор наменет за студентите, кој е целосно реновиран и опремен со средства од Витаминка. Иницијативата е реализирана со поддршка на генералниот извршен директор Сашо Наумоски, како дел од заложбата на компанијата за поддршка на образованието и младите во локалната заедница.

На свеченото отворање, на 1 октомври, Витаминка ја претставуваше Орде Ѓорѓиоски, директор на правни работи и човечки ресурси. Тој ја прими плакетата за општествена одговорност доделена од Економскиот факултет и во своето обраќање се осврна на долгогодишната соработка и значењето на поврзувањето на академската и бизнис заедницата.

Со отворањето на ВИТА ХАБ, студентите добиваат ново место за учење, работа и размена на идеи, а долгогодишното партнерство меѓу Витаминка и Економскиот факултет добива уште една конкретна иницијатива. Заедничката определба е соработката да продолжи и во иднина, со проекти што создаваат подобри услови и нови можности за младите.









Вложуваме во образованието

Младинското претприемништво во фокусот на „Лич сцена Прилеп“

Во Прилеп се одржа „Пич сцена Прилеп“, настан посветен на младинското претприемништво, на кој ученици од прилепските средни училишта ги презентираа своите бизнис идеи пред претставници на компаниите, професори, ментори и претприемачи.

Меѓу членовите на стручната жири комисија беше и Душица Неделкоска од Секторот за маркетинг на Витаминка, која учествуваше во оценувањето на презентираните идеи и сподели практични насоки и искуства од реалниот бизнис сектор.

Настанот им овозможи на средношколците своите идеи да ги претстават во професионално окружување, да добијат директни повратни информации и подобро да се запознаат со процесот на развивање и презентирање бизнис концепт.

Во Витаминка веруваме дека поврзувањето на младите со бизнис заедницата е важен чекор во развивањето на нивниот претприемнички потенцијал. Затоа продолжуваме да поддржуваме иницијативи што им овозможуваат да стекнат практично искуство, да ги развиваат своите идеи и да ја гледаат својата професионална иднина во Македонија.





Вложуваме во образованието

Камп каде идеите стануваат можности

Охрид ова лето повторно стана место каде што знаењето, технологијата и новите пријателства ги поврзуваат младите од Македонија и дијаспората. Шестото издание на Охрид Кампот за високотехнолошка извонредност 2026, во организација на Македонија2025, собра 23 деца на возраст од 11 до 15 години.

Во текот на еднонеделната програма, младите учесници ги развиваат своите знаења и практични вештини преку STEM работилници, роботика, програмирање, кодирање, дизајн размислување и тимски проекти. Покрај учењето, кампот ги поврзува децата од дијаспората со нивните



Вложуваме во образованието

Витаминка со поддршка за Детската олимпијада во Skopje City Mall

Витаминка се приклучи кон одбележувањето на „Be Active“ Европската недела на спортот, со поддршка на Детската олимпијада што се одржа на 23 септември во Skopje City Mall. Настанот, реализиран во рамките на активностите со Министерството за спорт, беше наменет за деца до четврто одделение и исполнет со спортски предизвици, игра и дружење.

Како поддржувач на Детската олимпијада, Витаминка обезбеди подароци за 60-те наградни пакети наменети за учесниците, а со сопствен промотивен простор беше присутна и во текот на настанот. На тој начин, производите на компанијата станаа дел од денот посветен на спортот и активното поминување на времето. Поддршката на „Be Active“ се надоврзува на повеќето спортски иницијативи во кои Витаминка се вклучува во текот на годината, овојпат со фокус на најмладите и поттикнувањето позитивен однос кон движењето и спортот уште од детството.







македонски корени и создава простор за нови пријателства и заеднички искуства.

Како еден од поддржувачите на кампот, Витаминка придонесе кон реализацијата на програмата и создавањето нови можности за младите, вклучително и за деца од социјално ранливи семејства. Поддршката на вакви иницијативи е инвестиција во знаењето, креативноста и генерациите кои ќе ги создаваат иновациите на иднината.

Вложуваме во образованието

Практични сознанија за начинот на организирање и управување со складишното работење







Студенти од Економскиот факултет Прилеп, во рамките на наставата по наставните дисциплини Менаџмент на снабдувачки синџири и Меѓународно трговско право реализираа посета на Витаминка.

Пред студентите беа претставени начинот и методите што ги применува Витаминка при организирање и управување со складишното работење, процесите на прием, евиденција, чување и дистрибуција на производите, како и со организација на транспортот и неговата улога во ефикасното функционирање на снабдувачкиот синџир.
Преку оваа едукативна посета, студентите се запознаа и со меѓународните правила во трговијата кои ги дефинираат обврските на продавачот и купувачот при транспортот и испораката на стоки. Низ просеците и практичните аспекти на работењето на Витаминка, студентите ги водеа колегите Боге Тошески, шеф на Логистика и Јасмина Петровска одговорна за меѓународен транспорт.
Нè посетија и учениците од СОУ Ѓорче Петров Прилеп, оддел фармација кои се запознаа со новата лабораторија и современата апаратура за што се користи за анализите.
Стекнувањето на практични знаења е клучен процес од едукацијата на идните професионалци, а ваквите посети придонесуваат кон поврзување на академското знаење со деловната практика, развивање на професионалните компетенции и подготовка на студентите за предизвиците на современото деловно опкружување.

А посебна радост и задоволство посетата на Витаминка беше за третоодделенците од ОУ Блаже Конески Прилеп, кои како и сите други си заминаа со Витаминка пакетче и безброј слики од нашиот свет на вкусови.

Вложуваме во спортот

Скопје во знакот на светскиот тенис

Од 28 јуни до 5 јули, теренитe на ТК „Југ“ во Скопје беа во знакот на Macedonian Open 2026 – ITF World Tennis Tour M25, еден од значајните професионални тениски турнири во земјава.

Турнирот донесе силна меѓународна конкуренција, настапи на македонски тенисери и борба за важни ATP поени, нудејќи ѝ на домашната публика можност одблиску да следи професионален тенис на високо ниво.

Како поддржувач на спортот и активниот животен стил, Витаминка беше дел и од ова издание на Macedonian Open, придонесувајќи кон промоцијата и развојот на тенисот во Македонија.





Вложуваме во спортот

Од сон до врв - Методи го освои Елбрус



Секој голем успех започнува со цел, храброст и истрајност. Токму таква приказна испиша Методи, кој го оствари својот голем план и се искачи на Елбрус, на 5.642 метри надморска височина.

Витаминка со гордост го поддржа на патот кон овој предизвик и беше дел од уште едно значајно македонско спортско достигнување. Неговиот успех е потсетник дека со посветеност, подготовка и силна желба, и највисоките цели стануваат достижни.

Честитки, Методи – кон нови предизвици и уште повисоки врвови!



Култура и настани

Едно лето, многу сцени и музика за паметење

Ова лето Битола и Охрид беа во знакот на музиката, а Витаминка, како официјален спонзор на повеќе музички настани, беше дел од вечерите што донесоа големи имиња, различни жанрови и одлична атмосфера.
Од Lexington и Ivi Adamou во Битола, до Mahmut Orhan, Rita Ora, Слаткаристика & Friends, Петар Грашо, Duper, Симон Трпчески, Нина Бадриќ и други изведувачи во Охрид, летната програма понуди музички доживувања за различни генерации.
Посебно место имаше концертот „Витаминка proudly presents: Слаткаристика & Friends“ на 2 август, кој донесе повеќе од две децении македонски хитови на една сцена.
Во годината кога одбележуваме 70 години Витаминка, музиката беше уште еден начин да славиме заедно – со добра енергија и моменти што се паметат.













Култура и настани

Приказната за Тоше пред регионалната публика



На комуникацискиот фестивал Weekend.19 во Ровињ, македонската продукција OXO го претстави големиот мултимедијален проект посветен на Тоше Проески, кој ќе се развива како игран филм, играна серија и документарна серија.

Проектот има за цел да ја доближи до публиката не само музичката ѕвезда, туку и човекот зад сцената – неговиот животен пат, соништа и вредности. За концептот пред регионалната публика говореа продуцентот Пеце Талески, авторот Игор Стоименов и сценаристите Милана Влаовиќ и Андреј Волкашин. Македонската приказна во Ровињ беше дополнета и со вкусови од Македонија. По презентацијата, гостите имаа можност да дегустираат производи на Витаминка, како дел од промоцијата на домашните брендови пред регионалната публика.

















Култура и настани

Витаминка дел од големиот музички јубилеј на Калиопи

Поддршката на домашната култура и музичка сцена има значајно место во општествената одговорност на Витаминка. Преку своите партнерства, компанијата придонесува за реализација на културни настани и промоција на македонските уметници. Во таа насока, Витаминка беше еден од спонзорите на големиот концерт на Калиопи, одржан на 17 октомври во арената „Борис Трајковски" во Скопје, со кој беше одбележан нејзиниот јубилеј – 50 години од првите музички чекори.

Концертот собра илјадници посетители и понуди речиси три часа музичка програма со најпознатите песни од нејзината кариера, гостувања на Слаткаристика и детскиот хор „Пиколо", како и премиерно претставување на видеоспотот за новата песна „Лаж". Настанот беше уште една потврда за значењето на домашната музичка сцена и нејзината способност да поврзува различни генерации публика.

За Витаминка, поддршката на ваквите настани претставува вложување во културниот живот и во промоцијата на домашното музичко творештво. Како компанија со седумдецениско присуство на македонскиот пазар, Витаминка ја препознава важноста на културата како дел од идентитетот на заедницата и продолжува да поддржува иницијативи што придонесуваат за нејзиниот развој.





Култура и настани

Главна награда на Токио Гран при за филмот на Манчевски „Сестра, брат и шахта"

Витаминка е меѓу домашните компании што го поддржаа филмот „Сестра, брат и шахта" на Милчо Манчевски, којшто ја освои главната награда „Токио Гран при" на Меѓународниот филмски фестивал во Токио. Овој успех претставува значајно меѓународно признание за македонската кинематографија, а за Витаминка уште еден повод да ја истакне важноста на поддршката на домашната култура и уметност.

Како компанија со 70-годишна традиција, Витаминка континуирано поддржува иницијативи од различни области на општествениот живот, меѓу кои и културни и уметнички проекти. Со поддршката на филмот на Манчевски, компанијата ја продолжува својата заложба да биде дел од активности што го афирмираат македонското творештво.



movie time

Наградата „Токио Гран при“ е прва победа на македонски филм на фестивал од А-категорија по „Пред дождот“ на Манчевски во Венеција во 1994 година. На годинашното издание на фестивалот во Токио, филмот беше избран меѓу 15 остварувања во главната натпреварувачка програма, во конкуренција од 1.892 пријавени филмови од 112 земји и региони.

Витаминка го поздравува овој голем успех на македонската кинематографија и останува посветена на поддршката на домашните културни и општествени иницијативи.




Радости за сите
Среќни празници!
ВИТАМИНКА
СРЕЌНА
HAPPY HOLIDAYS
VITAMINKA
7 години